ЗАПИСНИК

Од одржаната 26-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 15.03.2023 година со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата од вкупно 9 советници, присуствуваа следните членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска-Стојковска, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Љупчо Петровски, Сузана Јовановска, Горан Велјановски, Александар Канзуровски, Иванчо Котевски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни вработени во Општина Новаци: Градоначалник Стевче Стевановски, Анета Киселоска – раководител, Оливера Димитровска - раковоител, Филип Радевски – советник и Николина Лозановска – советник.

Гости: Марина Кузмановска - директор на ЈОУДГ „Бамби“, Вецко Стојчевски -директор на ООУ „Славко Лумбарковски“, Николче Гелевски и Деан Бошков од ФК ,,Атлетико“- Битола.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1.Разгледување и усвојување на Записникот од 24-та и 25-та седница на Совет на Општина Новаци;
2.Разгледување и усвојување на Завршна сметка на Општина Новаци за 2022 г.;
3.Разгледување и усвојување на Годишен извештај на Општина Новаци за 2022 г.;
4.Разгледување и усвојување на Завршна сметка на ЈОУДГ „Бамби“ с.Новаци за 2022г.;
5.Разгледување и усвојување на Завршна сметка на ООУ „Славко Лумбарковски“- Новаци за 2022 г.;
6.Разгледување и донесување на Предлог - План за заштита и благосостојба на животните - третман на бездомни кучиња односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2023 година;
7.Разгледување и донесување на Предлог- Програма за заштита и благосостојба на животните - третман на бездомни кучиња односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2023 година
8.Разгледување и усвојување на Годишен извештај за спроведување на утврдени тарифи - водоснабдување на ЈКПД „Комунална хигиена“ – Новаци за 2022 г.;
9.Разгледување и усвојување на Годишен Извештај на извршените работи за одржување на јавната чистота во Општина Новаци на ЈПКД „Комунална Хигиена “– Новаци за 2022 г.;
10.Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работењето на ЈПКД „Комунална Хигиена “– Новаци за 2022 г.;
11.Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на средства за одбележување на празникот на Општина Новаци “30 – ти Март“ 2023 г.;
12.Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на средства за одбележување на 117 години од смртта на војводата Ѓорги Сугарев на 25.03.2023 г.;
13.Советнички прашања.

Дополнување: Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

Пред гласање на Дневниот ред на 26-та Седница на Советот на Општина Новаци, Градоначалникот Стевче Стевановски им предложи на советниците дополнување на Дневниот ред со 2 точки кои поради својата хитност, неодложно треба да се разгледуваат на оваа седница:

1. Разгледување и донесување на Одлука за сопствено учество - кофинансирање на Општина Новаци за обезбедување на финансиски средства за ,,Изградба на отворено спортско игралиште во Бач";

2. Разгледување и донесување на Одлука за давање на користење на фудбалскиот стадион во Новаци на ФК ,,Атлетико" од Битола

Дневниот ред се дополнува со 3-ри Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош

1. Добре Котевски од с. Добромири (бр.03-13/27 од 10.03.2023г.), за неговиот син Ѓорги Котевски, лице со посебни потреби;

2. Лулјета Башота Златевска од с. Далбеговци (бр 03-13/13 од 08.02.2023 г.), жртва на семејно насилство;

3. Ленче Крстевска од с. Живојно (03-13/35 од 13.03.2023 г.), лице со здравствени проблеми;

Претседателката на Советот Славица Најдовска-Стојковска им предложи на советниците да го прифатат изменувањето и дополнувањето на Дневниот ред така што првичниот Дневниот ред кој е составен од 13 точки се дополнува со 5 точки. На тој начин Дневниот ред на 26-та седница на Советот на Општина Новаци по претрпените измени и дополнувања е составен од 18 точки, со што точката Советнички прашања со бр. 13 преминува во точка број 18.

Предлогот за изменетиот и дополнетиот Дневен ред на 26-та Седница на Советот на Општина Новаци беше ставен на гласање и истиот беше усвоен со **9 гласа за.**

1. точка: Разгледување и усвојување на Записникот од 24-та и 25-та седница на Совет на Општина Новаци;

По разгледувањето, Записниците од 24-та и 25-та Седници беа ставени на гласање и усвоени со **9 гласа за.**

2. точка: Разгледување и усвојување на Завршна сметка на Општина Новаци за 2022 г.;

По однос на втората точка збор зеде раководителот на оддел. за финансии, Оливера Димитровска, која пред советниците детално ја образложи Завршната сметка на Општина Новаци. По кратката дискусија, Советот на Општина Новаци со **6 гласа за, 1 глас воздржан и 2 гласа против** донесе Одлука за донесување на Завршна сметка на Буџетот на Општина Новаци за 2022 година.

3. точка: Разгледување и усвојување на Годишен извештај на Општина Новаци за 2022 г.;

Советот на Општина Новаци го разгледа Годишниот извештај на Општина Новаци кој Оливера Димитровска го презентирање пред советниците, при што нагласи дека извештајот е составен од детални информации распоредени по програми и подпрограми, претставени нумерички и во проценти како за приходите, така и за расходите од реализираниот Буџет на Општина Новаци за 2022г.

Претседателката Најдовска-Стојковска побара подетално да се објасни делот во Завршниот извештај кој се однесува на подпрограмата АО - Совет на Општина Новаци и тоа во делот на расходи. Димитровска им објасни на советниците дека во таа подпрограма се

вклучени сите расходи кои Советот ги одобрува во текот на цела календарска година преку своите одлуки. Поточно во оваа подпрограма се вклучени расходи од надоместоци, финансиски средства за набавка на стоки и услуги, доделување на еднократна парична помош на физички лица, субвенционирање на ФК, месни заедници, црковни одбори, јавни претпријатија и сл.

Советот со **6 гласа за, 1 глас воздржан и 2 гласа против** донесе Одлука за донесување на Годишен извештај на Општина Новаци за 2022 година.

4. точка: Разгледување и усвојување на Завршна сметка на ЈОУДГ „Бамби“ с.Новаци за 2022г.;

По однос на четвртата точка, Завршна сметка на ЈОУДГ „Бамби“, пред советниците ја образложи Марина Кузмановска - директор на ЈОУДГ „Бамби“ која потенцираше дека од вкупниот буџет за 2022г. кој изнесуваше 4.019.754,00 ден., најголем дел т.е 3.031.804,00ден. се наменети за плати и надоместоци за вработените. Со останатиот буџет се подмируваат основните потреби за децата во делот за стоки и услуги така што малку останува за реализирање на некои дополнителни активности.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за усвојување на Завршна сметка ЈОУДГ ,,Бамби“ Новаци за 2022 година.

5. точка: Разгледување и усвојување на Завршна сметка на ООУ „Славко Лумбарковски“- Новаци за 2022 г.;

По однос на оваа точка, пред советниците збор зеде директорот на ООУ „Славко Лумбарковски“ Вецко Стојчевски, кој објасни дека во Завршната сметка може да се види дека во 2022г. сите доспеани приходи се соодветно потрошени, така што единствени финансиски средства што се останати се наоѓаат во самофинасирачката сметка и тоа во износ од 13,оо ден.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за усвојување на Завршна сметка на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци за 2022 година.

6. точка: Разгледување и донесување на Предлог - План за заштита и благосостојба на животните - третман на бездомни кучиња односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2023 година;

Филип Радевски вработен во Општина Новаци им објасни на Советниците дека ваков План и соодветна Програма, општината е должна да ги изготви. Советот доби информација дека Планот е едногодишниот и има за цел да го реши проблемот со бездомните кучиња во Општина Новаци, и заради тоа содржи стратегија и активности за нивно третирање, со цел ставање под контрола на популацијата на овој вид кучиња на територијата на Општина Новаци.

Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе План за заштита и благосостојба на животните - третман на бездомни кучиња односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2023 година.

7. точка: Разгледување и донесување на Предлог-Програма за заштита и благосостојба на животните - третман на бездомни кучиња односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2023 година;

По однос на седмата точка, Советот ја разгледа Програмата во која се третира проблемот поврзан со зголемено присуство на бездомните кучиња во Општина Новаци при што единствен дозволен начин на нивно третирање е хуманиот начин на нивна контрола и заштита, но истовремено и заштита на безбедноста и здравјето на жителите на Општина Новаци.

По кратката дискусијата Советот на општина Новаци гласаше така што со **9 гласа за** донесе Програма за заштита и благосостојба на животните - третман на бездомни кучиња односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2023 година.

8. точка: Разгледување и усвојување на Годишен извештај за спроведување на утврдени тарифи - водоснабдување на ЈКПД „Комунална хигиена“ – Новаци за 2022 г.;

Што се однесува за осмата точка, Советот го разгледа Годишниот извештај во чии состав влегуваат Бизнис планот и планот за прилагодување на тарифите за водоснабдување, каде се анализирани реалните остварувања и отстапувањата од планираните вредности за календарската 2022г.

По дискусијата меѓу советниците, Советот на Општина Новаци гласаше и со **9 гласа за** донесе Одлука за усвојување на Годишен извештај од ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци, за спроведување на утврдените тарифи-водоснабдување, за 2022 година.

9. точка: Разгледување и усвојување на Годишен Извештај на извршените работи за одржување на јавната чистота во Општина Новаци на ЈПКД „Комунална Хигиена “– Новаци за 2022 г.;

По однос на деветта точка, Советот го разгледа Годишниот Извештај на извршените работи за одржување на јавната чистота во Општина Новаци, кој е во согласност со Програмата на Општина Новаци за одржување на јавната чистота на јавните површини, јавните објекти и отворените простори на јавните објекти, заради обезбедување на поквалитетни услови за живот и почиста животна средина на жителите во општината.

Советот на Општина Новаци со **7 гласа за и 2 гласа воздржани** донесе Одлука за усвојување на Годишен извештај од ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци, на извршени работи за одржување на јавна чистота во Општина Новаци, за 2022 година.

10. точка: Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работењето на ЈПКД „Комунална Хигиена “– Новаци за 2022 г.;

Како и за претходната точка, така и за десетта точка Советот го разгледа Годишниот извештај за работењето на ЈПКД „Комунална Хигиена “Новаци за 2022г., во кој се сублимирани активностите од сите програми и детално претставени приходите и расходите на претпријатието, при што е претставен негативен финансиски резултат од 1.897.143,00 ден.

Советот на Општина Новаци со **7 гласа за и 2 гласа воздржани** донесе Одлука за усвојување на Годишен извештај за работењето на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци, за 2022 година.

11. точка: Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на средства за одбележување на празникот на Општина Новаци “30 – ти Март“ 2023 г.;

По однос на единаесетта точка советниците дадоа неколку предлози за начинот на одбележување на празникот на општината кој традиционално се одбележува на 30-ти Март.

По кратката дискусија, Советот на Општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за одобрување на финансиски средства за одбележување на празникот на Општина Новаци ,,30-ти Март,,

12. точка: Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на средства за одбележување на 117 години од смртта на војводата Ѓорги Сугарев на 25.03.2023 г.;

Секоја година се одржува панахида на годишнината од смртта на војводата Ѓорги Сугарев, која се организира на гробното место на војводата Ѓорги Сугарев во с. Паралово, Општина Новаци. За одбележување на 117 години од неговата смрт се потребни финансиски

средства за кои Советот на Општина Новаци, **едногласно** донесе Одлука одобрување на финансиски средства за одбележување на 117 години од смртта на војводата Ѓорѓи Сугарев.

13. точка: Разгледување и донесување на Одлука за сопствено учество - кофинансирање на Општина Новаци за обезбедување на финансиски средства за ,,Изградба на отворено спортско игралиште во Бач";

Во рамките на „Проектот подобрување на социјалната инклузија во Пелагонискиот регион преку изградба на инфраструктура за спорт и рекреација во руралните средини", во с. Бач ќе се изгради отворено спортско игралиште за чија реализација потребно е Општина Новаци да вложи сопствени финансиски средства во висина од 384 655,00 ден од сопсвениот буџет.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за сопствено учество - кофинансирање на Општина Новаци за ,,Изградба на отворено спортско игралиште во Бач"

14. точка: Разгледување и донесување на Одлука за давање на користење на фудбалскиот стадион во Новаци на ФК ,,Атлетико" од Битола;

По однос на оваа точка, Николче Гелевски од ФК „Атлетико" пред советниците даде краток осврт за клубот, неговите достигнувања особено во женскиот фудбал како и за идните планирани активности. Воедно ја образложи потребата од користење на стадионот во с. Новаци со цел редовно одржување на тренинзи на отворено во сезона кога временските услови тоа го дозволуваат. За да го реализираат ова, потребно е Советот на Општина Новаци да донеси одлука со која ќе овозможи непречено користење на стадионот од страна на „ФК Атлетико", во термини кои предходно ќе бидат договорени и усогласени со термините на ФК „Новаци 2005" од с.Новаци.

Советот на Општина Новаци со **7 гласа за и 2 гласа воздржани** донесе Одлука за за давање на користење на фудбалскиот стадион во Новаци на ФК ,,Атлетико,, од Битола.

Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

15. точка: Разгледување на Барање од Добре Котевски од с. Добромири (бр.03-13/27 од 10.03.2023г.), за неговиот син Ѓорги Котевски, лице со посебни потреби;

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци, **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Добре Котевски од с. Добромири во висина од 20.000,00 ден.

16. точка: Разгледување на Барање од Лулјета Башота Златевска од с. Далбеговци (бр 03-13/13 од 08.02.2023 г.), жртва на семејно насилство;

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци, **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Лулјета Башота Златевска од с. Далбеговци во висина од 20.000,00 ден.

17.точка: Разгледување на Барање од Ленче Крстевска од с. Живојно (03-13/35 од 13.03. 2023 г.), лице со здравствени проблеми;

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци, **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Ленче Крстевска од с. Живојно во висина од 10.000,00 ден.

18. точка: Советнички прашања

Советничката Сузана Јовановска постави прашање до Градоначалникот Стевановски, зошто тоалетите во ООУ „Славко Лумбарковски“ сеуште не се пуштени во употреба.

Градоначалникот Стевновски одговори дека во консултација со изведувачот добил одговор дека завршните работи се при крај и дека во период од неколку дена т.е во најкраток можен рок тоалетите во ООУ „Славко Лумбарковски“ ќе бидат пуштени во употреба.

Бидејќи немаше дополнителни советнички прашања 26 – та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

_____